Република Северна Македонија-Republika e Maqedonise se Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror per Vendimmarrje në Procedure Administrative,Procedurë të Marrëdhënies së Punese dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 25.02.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 1005 | 370/1 | | |

Outlook

## Fw: Барање за пристап до информации од јавен карактер

**From** DKZ kontakt <contact@dkz.mk>
**Date** Tue 2/25/2025 11:41 AM
**To** Daniela Simonovski <daniela.simonovski@dkz.mk>; Natalija Stojanova Filipova <natalija.filipova@dkz.mk>; Daniela Radik <daniela.radik@dkz.mk>

2 attachments (931 KB)

Барање за Државна комисија за АЗЛП.pdf; Полномошно за Државна комисија.pdf;

---

**From:** [redacted]>
**Sent:** Tuesday, February 25, 2025 11:16 AM
**To:** DKZ kontakt <contact@dkz.mk>
**Subject:** Барање за пристап до информации од јавен карактер

**До:** **Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted] **емаил:** [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Барање за информации од јавен карактер се однесуваат на прашањето:

Лицата [redacted] преку Полномошник [redacted] на ден 16.12.2024 година до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен поднесоа Жалба против Агенција за заштита на лични податоци согласно член 111 од Закон за општа управна постапка поради молчење на аднималнистрација и непостапување и неносење на соодветен управен акт-решение врз основа на поднесено барање. Затоа со ова барање бараме да бидеме информирани дали по жалбата е постапено во соодветен законски рок од 60 дена од денот на поднесувањето, ако сеуште не е постапено поради кои причини тоа сеуште не е сторен, воедно ако е постапено што и како е превземено, дали орган против кој е поднесена жалбата е задолжен да го донесе бараниот управен акт-решение?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** 25.02.2025________, **година .**

**Потпис**
[redacted]

______________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

26.02 2025 година

**Архивски број:** 1005-370/2

**До:**[redacted]

[redacted]

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер кое по електронски пат на ден 25.02.2025 г. е проследено до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен и заведено под број 1005-370/1, Ве известуваме за следново:

Барањето кое Вие го имате доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ " бр.101/19). Целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и на Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е да им се овозможи на физичките и правните лица да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и да обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите. Притоа, остварувањето на „јавниот интерес" значи остварување на интересот на пошироката заедница како целина, којашто има предност пред индивидуалните потреби и права на заедницата.

Во Вашиот случај се работи за барање од личен карактер од причина што Ви барате информација за жалба која од Ваша страна е доставена до Државната комисија на ден 16.12.2024 г. Во тој случај, Ви укажуваме дека Вашите прави и лични


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

интереси може да ги остварите согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја во предметите во кои се јавувате како странка или имате правен интерес.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*